ДКЖЈН

Државна комисија за жалби по јавни набавки

# Државна комисија за жалби по јавни набавки

# Финансиски план на Државната комисија за 2017 година

**Број 05-148/1**

**24.03.2017 година**

**С к о п ј е**

[1] 05-148/1 [2017]

*Врз основа на член 205 став (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2015, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 24.03.2017 година, донесе* ***Финансиски план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година***

## *С О Д Р Ж И Н А*

ВОВЕД........................................................................................................ 1

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ........................................................................................... 1

Расходна ставка 40 Плати и надоместоци ................................................................ 1

расходна ставка 401 Основни плати ......................................................................... 1

расходна ставка 402 Придонеси за социјално осигурување........................................ 2

расходна ставка 42 Стоки и услуги ........................................................................... 2

расходна ставка 420 Патни и дневни расходи............................................................ 2

расходна ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ................. 2

расходна ставка 423 Материјали и ситен инвентар ..................................................... 3

расходна ставка 424 Поправки и тековно одржување.................................................. 3

расходна ставка 425 Договорни услуги ...................................................................... 3

расходна ставка 426 Други тековни расходи .............................................................. 3

расходна ставка 48 Капитални расходи ...................................................................... 4

расходна ставка 480 Купување на опрема и машини ................................................... 4

расходна ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства ......................................... 4

ПРИЛОГ 1: Табеларен преглед на Финансискиот план за 2017 и 2016 година ................. 5

ПРИЛОГ 2:Споредбени показатели на планираните расходи во предлог буџетот за 2017 и последната пренамена на буџетот на ДКЖЈН за 2016 година ........................................ 6

# ВОВЕД

Државната комисија за жалби по јавни набавки е самостоен државен орган со својство на правно лице.

Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за:

- решавање по жалби во постапките за доделување договори за јавни набавки пропишани со Законот за јавните набавки,
- решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство,
- решавање по жалби на решение донесено од Советот согласно со Законот за јавните набавки и друг закон и
- други работи согласно со закон.

Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во горенаведените постапки пропишани со Законот за јавните набавки.

Државната комисија одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката.

Државната комисија има стручна служба. Со стручната служба раководи Генерален секретар на Државната комисија кој учествува и на седниците на Државната комисија без право на глас.

На вработените во стручната служба се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

Државната комисија се финансира од Буџетот на Република Македонија.

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

### *Расходна ставка 40 Плати и надоместоци*

На ставката 40 Плати и надоместоци за 2017 година се планирани расходи во износ од 13.187.000 денари и тоа 9.624.000 денари за основни плати предвидени на ставката 401 и 3.563.000 денари за придонеси за социјално осигурување предвидени на ставката 402. Планираните средства за ставката Плати и надоместоци за 2017 година е поголема за 1,47 % во однос на истата за 2016 година.

### *расходна ставка 401 Основни плати*

На расходна ставка 401 се предвидени средства во износ од 9.624.000 денари. Одобрениот износ е поголем во однос на минатогодишниот. Со износот се опфатени платите за Претседателот и членовите на Државната комисија,

основните плати за административните државни службеници и другите вработени, додатоците на плата и персоналниот данок на доход од плата.

Согласно потребите за зајакнување на капацитетите на Државната комисија за жалби по јавни набавки, потребни се дополнителни финансиски средства на оваа ставка.

***расходна ставка 402 Придонеси за социјално осигурување***

На расходна ставка 402 - Придонеси од социјално осигурување се предвидени средства во износ од 3.563.000 денари. Со планираните средства се опфатени исплатите на основниот придонес кон ПИОМ, придонесот за здравствено осигурување, основниот придонес за професионално заболување и придонесите кон Агенција за вработување.

***расходна ставка 42 Стоки и услуги***

На расходна ставка 42 - Стоки и услуги се предвидени средства во износ од 2.799.000 денари, којшто износ е помал во однос на 2016 година, согласно насоките за намалување на износот на ставките во буџетот за 2017 година, добиени од Министерството за финансии. На оваа ставка се предвидени средства за патни и дневни расходи, средства наменети за подмирување на трошоци за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, средства за поправки и тековно одржување, договорни услуги, како и за други тековни расходи.

***расходна ставка 420 Патни и дневни расходи***

На расходна ставка 420 - Патни и дневни расходи се предвидени средства во износ од 75.000 денари. Износот е помал од оној во 2016 година согласно насоките од Министерство за финансии за намалување на износите на буџетските ставки. Со овие средства се покриваат следните активности: дневни и патни расходи за редовни и вонредни посети на Претседателот и членовите на комисијата, како и на стручната служба во земјата и странство.

***расходна ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт***

На ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се предвидени средства во износ од 900.000 денари. Истите ќе се користат за основни комунални трошоци на ДКЖЈН (струја, вода, комунални такси и услуги, поштенски услуги, телефон, горива и масла, интернет услуги и др.). Износот на оваа ставка е намален во однос на расположливите средства во буџетот за 2016 година.

***расходна ставка 423 Материјали и ситен инвентар***

На ставка 423 - Материјали и ситен инвентар за 2017 година се предвидени средства во износ од 150.000 денари износ кој е значително помал во однос на одобрените средства за оваа ставка во 2016 година. Средствата се наменети за набавка на потребните материјали како потрошен канцелариски материјал, претплата на списанија и други материјали - обрасци и формулари за работа, набавка на средства за одржување хигиена и ситен инвентар, алат и други материјали за поправка за потребите на ДКЖЈН, други материјали наменети за одржување на системот за врски и телекомуникации.

***расходна ставка 424 Поправки и тековно одржување***

На расходна ставка - 424 Поправки и тековно одржување за 2017 година се предвидени средства во износ од 350.000 денари. Овие средства се наменети за поправка и сервисирање односно за  тековно одржување на објектот во кој е сместена ДКЖЈН, услуги за обезбедување на објекти, како и за евентуални трошоци поврзани со адаптација и одредени поправки кои би се правеле доколку ДКЖЈН се пресели во други простории во 2017 година (преградување на простории, поправка на клима уреди, електрична инсталација, водовод и канализација, прозорци, врати и други тековни одржувања), молерски работи во објектот, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на истите, одржување на телефони, телефонски централи, телефакси и други уреди, одржување и сервисирање на фотокопирни апарати, поправка и одржување на мебел и канцелариска опрема во ДКЖЈН, одржување на софтверска и хардверска опрема и поправка и одржување на друга опрема со која располага ДКЖЈН. Овој износ е поголем за 30.000 денари во однос на износот од расположливите средства по последната пренамена на средства во 2016 година.

***расходна ставка 425 Договорни услуги***

На расходна ставка - 425 Договорни услуги се предвидени средства во износ од 1.234.000 денари што е намален износ во однос на расположливиот буџет со последната одобрена пренамена на средства за 2016 год. Дел од средствата на оваа ставка се планирани за покривање на трошоците за финансиски оперативен лизинг - изнајмување на моторното возило кое го користи ДКЖЈН, за покривање на трошоците за договорни услуги, покривање на трошоците за втората фаза од спроведување на активности за имплементација на сертификат за квалитет ИСО 9001/2008 и слични трошоци.

***расходна ставка 426 Други тековни расходи***

На расходна ставка 426 - Други тековни расходи, средства во износ од 90.000 денари се наменети за  покривање на трошоци за набавка на токени, потоа

за покривање на трошоци за угостителски услуги од организирање на состаноци или семинари за потребите на меѓуресорската и меѓународна соработка на Државната комисија, како и за покривање на други непредвидени оперативни расходи. Износот во 2017 година е ист со износот од последниот ребаланс на буџетот за 2016 година.

***расходна ставка 48 Капитални расходи***

На расходна ставка 48 - Капитални расходи за 2017 година се предвидени 600.000 денари. Средствата се наменети за купување на опрема и машини, како и вложувања и нефинансиски средства. Средствата се во ист износ како и за 2016 година.

***расходна ставка 480 Купување на опрема и машини***

На ставка 480 - Купување на опрема и машини се предвидени средства во износ од 300.000 денари, исто како и минатата година. Истите ќе бидат наменети за набавка на опрема која ќе биде потребна во новите простории во кои се планира да биде преселена Државната комисија во текот на 2017 година.

***расходна ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства***

На расходна ставка 485 - Вложувања и нефинансиски средства се предвидени 300.000 денари во износ кој е ист со одобрениот од 2016 година. Средствата  се наменети за исплата на трошоци за спроведена набавка на лиценци за  микрософт офис, како и за трошоци за евентуална набавка на антивирусна и антиспајвер заштита и друго.

**Вкупно планирани расходи за 2017 година 16.586.000,00 денари**

**ПРИЛОГ 1: Табеларен преглед на Финансискиот план за 2017 и 2016 година**

| Ставка | Опис на ставка | План 2016 по последна пренамена | План 2017 |
|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 9.487.000 | 9.624.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 3.509.000 | 3.563.000 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 96.000 | 75.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 920.000 | 900.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 200.000 | 150.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 256.000 | 350.000 |
| 425 | Договорни услуги | 1.608.000 | 1.234.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 90.000 | 90.000 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 300.000 | 300.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 300.000 | 300.000 |
| | **Вкупно:** | **16.706.000** | **16.586.000** |

**ПРИЛОГ 2: Споредбени показатели на планираните расходи во буџетот за 2017 и буџетот на ДКЖЈН после последната пренамена за 2016 година**

| Ставка | Опис на ставка | План 2016 г. по последна пренамена | План 2017 | План 2017/План 2016 по последна пренамена (отстапување во %) |
|---|---|---|---|---|
| 401,00 | Основни плати | 9.487.000 | 9.624.000 | +1,44 % |
| 402,00 | Придонеси за социјално осигурување | 3.509.000 | 3.563.000 | +1,54 % |
| 420,00 | Патни и дневни расходи | 96.000 | 75.000 | - 21,88 % |
| 421,00 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 920.000 | 900.000 | - 2,17 % |
| 423,00 | Материјали и ситен инвентар | 200.000 | 150.000 | - 25 % |
| 424,00 | Поправки и тековно одржување | 256.000 | 350.000 | +36,72 % |
| 425,00 | Договорни услуги | 1.608.000 | 1.234.000 | - 23,26 % |
| 426,00 | Други тековни расходи | 90.000 | 90.000 | 0 % |
| 480,00 | Купување на опрема и машини | 300.000 | 300.000 | 0 % |
| 485,00 | Вложувања и нефинансиски средства | 300.000 | 300.000 | 0 % |
| | **Вкупно:** | **16.706.000** | **16.586.000** | **-0,72** % |

**бр.05-148/1**
**24.03.2017 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**МАЈА МАЛАХОВА**

Maja Malahova

Digitally signed by Maja Malahova
DN: o=Drzavna komisija za zalbi po javni nabavki, c=MK, email=maja.malahova@gs.gov.mk, sn=Malahova, givenName=Maja, cn=Maja Malahova
Date: 2017.03.24 14:50:01 +01'00'